Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Општина Карпош - Скопје**, за сечење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) и тоа: 10 (десет) дрва (8 липи, каталпа и кисело дрво) што се наоѓаат **на ул. "Бледски договор" – Скопје.**
2.Сечењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".
4. Се обврзува ЈП Паркови и зеленило, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на соодветни 10 дрва, постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Карпош - Скопје, ул. "Радика" бр.9 бараки 1 и 2,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/512** од **14.07.2023** година, за сечење на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Бледски договор" – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвата предмет на барањето се целосно суви и истите пречат заради изведба на градежни работи за реконструкција на улицата Бледски договор, согласно Проект за поврзување на локални патишта Единица за Имплементација на Проекти од Светска банка за Рехабилитација на локална улица Бледски договор од Министерство за транспорт и врски.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со

соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата се целосно суви и при тоа е одлучено наместо исечените дрва да се засадат нови садници на парцела кадешто е извршено сечењето. Па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/512/2**
**25.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:
____________________
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
____________________
Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
____________________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18) , по барање на Општина Карпош, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-6/512/2** од 25.07.2023 на ул. Бледски договор донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. **14-6/512/2** од 25.07.2023 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по барање на Општина Карпош – Скопје, овој орган, има направено увид на ден **24.07.2023** година. При увидот е утврдено дека дрвата се целосно суви и пречат за изведба на градежни работи за реконструкција на улицата Бледски договор.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од сечење на 10 дрва (8 липи, каталпа и кисело дрво), бидејќи истите се целосно суви кои пречат за изведба на градежни работи – реконструкција на улицата Бледски договор, за што постои јавен интерес од сечење, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-6/512/3**
**25.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива
-ЈП Паркови и зеленило

Изработил:
**Марија Стојановска**

__________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

__________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

__________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

__________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

__________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP